## СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

**од Деветтото продолжение на Сто дваесет и осмата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 5 мај 2006 година**

Седницата се одржа во Собранинето на Република Македонија, сала 1, со почеток во 12,30 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше господинот Љупчо Јордановски, претседател на Собранието на Република Македонија.

**Љупчо Јордановски:** Продолжуваме со работа по 128-та седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Игор Ивановски, Ангелка Пеева Лауренчиќ, Благој Голомеев, Али Ахмети, Фазли Велиу, Семиел Хасани, Мендух Тачи, Замир Дика, Љубе Бошковски, Никола Груевски, Петар Наумовски, Сашко Ќедев, Ганка Самоиловска-Цветанова, Абдулади Вејсели, Исмет Рамадани, Љубчо Георгиевски и Чедомир Крaљевски, ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

**Минуваме на точка 9 - Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Кривичниот законик, со Предлог на закон.**

Предлогот за донесување на законот со Предлогот на законот и извештајот на Законодавно-правната комисија Ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Кривичниот закон.

Ве повикувам да гласаме.

Ги молам службите да го утврдат точниот број на присутни пратеници во салата.

Во салата се присутни 61 пратеник.

Вкупно гласале 54 пратеници, 54 гласале за, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претреси и Предлогот на законот.

Ве повикувам да гласаме.

Во салата се присутни 67 пратеници, 56 гласале, 56 за, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Законодавно-правната комисија поднесе амандман на член 1, член 3, член 6 став 2, член 8 за бришење на став 3, член 9 за менување на член 10 и на член 14 во новиот член 165-А со кој се согласил претставникот на Владата и тие се составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Пратеникот Жарко Караџоски поднесе амандман на член 353 за менување на став 1 по кој Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот на член 353 за менување на став 1, поднесен од пратеникот Жарко Караџоски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за правда Мери Младеновска-Ѓорѓиевска.

**Мери Младеновска-Ѓорѓиевска:** Амандманот не се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен.

Бидејќи нема пријавени за збор, амандманот го ставам на гласање и ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 66 пратеници, 61 за, нема воздржани, 5 против.

Констатирам дека Собранието го усвои амандманот.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Дали некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 65 пратеника, 65 за, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување и дополнување на Кривичниот законик.

**Минуваме на точка 10 - Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за државните службеници, со Предлог на закон.**

Предлогот за донесување на законот со Предлогот на законот и Извештајот на Законодавно-правната комисија Ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес по предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за државните службеници.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 68 пратеници, 68 за, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 64 пратеници, 63 за, 1 воздржан, нема против.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Владата на Република Македонија поднесе амандман за додавање нов член 5 по членот 4 и тој е составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Законодавно-правната комисија поднесе амандмани на членови во воведната реченица и на член 4 за менување на ставовите 2 и 3 со кои се согласил претставникот на Владата и тие се составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Пратеникот Блаже Стојаноски поднесе амандман на член 1 во новиот член 27-А за менување на став 2 по кој Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот на член 1 во новиот член 27-А за менување на став 2, поднесен од пратеникот Блаже Стојаноски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за правда Мери Младеновска-Ѓорѓиевска.

**Мери Младеновска-Ѓорѓиевска:** Амандманот не се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен.

Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 64 пратеници, 21 за, нема воздржани, 43 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот по текстот.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 62 пратеника, 62 за, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за државните службеници.

Почитувани пратеници, тука ќе завршиме со оваа седница.

(Седницата прекина со работа во 12,40 часот).